ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ
СКОПЈЕ

# БИЛТЕН

## БРОЈ 05/24



14.03.2024 година

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ОД НАСТАВНО-НАУЧНА ОБЛАСТ: „ПРОТЕТИКА" НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ДЕНТАЛНА МЕДИЦИНА ВО СОСТАВ НА ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Факултетот за дентална медицина во состав на Европски Универзитет Скопје на 196-та седница одржана на ден 06.10.2023 година, а во врска со распишаниот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања, за наставно-научна област: „Протетика" (30407-Фраскатиева класификација), објавен во весникот "Вечер" на ден 09.10.2023 година, донесе Одлука за формирање на рецензентска комисија за избор на наставник во сите наставно-научни звања, за наставно-научна област: „Протетика" (30407-Фраскатиева класификација), во состав:

1. Проф. д-р Владо Ванковски, претседател;
2. Проф. д-р Крсте Дејаноски, член;
3. Проф. д-р Вера Стојановска, член.

По разгледување на поднесената документација, Рецензентската комисија, на Наставно-научниот совет на Факултетот за дентална медицина во состав на Европски Универзитет Скопје му го поднесува следниов:

## РЕЦЕЗЕНТСКИ ИЗВЕШТАЈ

На распишаниот конкурс на Факултетот за дентална медицина во состав на Европски Универзитет Скопје, за избор на наставник во сите наставно-научни звања, за наставно-научна област: „Протетика" (30407-Фраскатиева класификација) во предвидениот рок се пријави единствено кандидатот доц. д-р Катерина Василева Гешоска која ги приложи следниве документи:

- Пријава по конкурс;
- Професионална биографија (CV);
- Диплома за завршено соодветно образование (научен степен доктор на науки);
- Список на објавени научни и стручни трудови;
- По еден примерок (копија) од научни трудови, објавени во референтна научна публикација, согласно со Законот за високото образование, во последните 5 години пред објавување на конкурсот за избор;
- Доказ за претходен избор во наставно-научно звање-доцент;
- Документација за изведување високообразовна дејност.

### БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Доц. д-р Катерина Василева Гешоска е родена 17.05.1983 во Велес, каде со одличен успех го завршува основното и средното образование. Дипломирала на Стоматолошкиот факултет при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" –Скопје во 2007 година. Во 2008 година се стекнува со работна лиценца- Доктор по општа стоматологија.

Во 2011 година запишува специјализација на Стоматолошкиот факултет, оддел-стоматолошка протетика. Специјализацијата ја завршува во предвидениот рок, по што се стекнува со стручен назив Специјалист по стоматолошка протетика.

Третиот циклус на докторски студии ги завршува со просечен успех 10 и докторската дисертација под наслов "Процена на внатрешно налегнување и маргинална дискрепанца кај целосно керамички и металкерамички коронки" која ја брани во 2019 година и се здобива со научен степен доктор на стоматолошки науки од областа Стоматолошка протетика. Резултатите од истражувањата во докторската дисертација имаат важен научен придонес со посебен акцент на каузалната асоцијација помеѓу прецизноста во изработувањето на коронките и последиците од недостиг на истата. Во оваа дисертација приложени се релевантни информации за поврзаноста на техниката на отпечатување и методот на изработка со прецизноста на коронките.

Својата професионална кариера ја започнува во 2008 во специјалистичка ординација по протетика ПЗУ 'Др Петар Зафиров и Др. Лорета Василева'. Во 2013 година се вработува со редовен работен однос во ПЗУ 'Д-р Бојо Андрески' при Европскиот Универзитет, како специјалист по стоматолошка протетика. Во октомври 2014, е назначена за асистент на катедрата за Стоматолошка протетика при Факултет за стоматологија во состав на Европски Универзитет.

Во 2019 година е избрана за наставник од областа Протетика, во наставно-научно звање Доцент.

Од 2019 до 2023 година ја извршува функцијата Декан на факултет за дентална медицина при Европски Универзитет, Скопје.

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

Од 2019 до 2023 година ја извршува функцијата Декан на Факултет за дентална медицина при Европски Универзитет Скопје. За време на на овој период активно учествуваше во организација на наставата и изработка на Елаборати за акредитација на студиски програми и во процесот на реакредитирање на Факултетот за дентална медицина и Високата школа за забни техничари:

1. Елаборат за повторна акредитација на студиска програма за Факулетот за стоматологија при Европски Универзитет Скопје, интегрирани студии од прв и втор циклус, Р.Македонија (2018 година);
2. Елаборат за повторна акредитација на стручни студии на прв циклус за забни техничари на Факултетот за стоматологија при Европски Универзитет-Република Македонија (2018 година);
3. Elaborate for re-accreditation of the study program in English for the faculty of dentistry at European University-Republic of Macedonia- integrated studies of first and second cycle (2018 година);
4. Елаборат за акредитација на студиска програма: Дентална медицина на албански јазик, интегрирани петгодишни студии на прв и втор циклус студии на Факултетот за дентална медицина при Европски Универзитет Скопје (2022 година);

5. Елаборат за реакредитација на студиска програма “Дентална медицина” на македонски јазик, интегрирани петгодишни академски студии на прв и втор циклус на Факултетот за дентална медицина при Европски Универзитет Скопје (2023 година);
6. Елаборат за реакредитација на студиска програма: “Забни техничари”-тригодишни стручни студии на прв циклус на Факултетот за дентална медицина при Европски Универзитет Скопје (2023 година);
7. Elaborate for re-accreditation of the study program in English for Faculty of dental medicine at European University, integrated studies of first and second cycle-Republic of Macedonia.

Доц. д-р Катерина Василева Гешоска исто така, учествуваше во организирање на следните стручни настани:

Во 2020 година е Претседател на Организационен одбор на Десетта меѓународна научна конференција “ Патот кон успехот- иновација, интеракција, имплементација”.

Во 2020 година е дел од Организационен Одбор на Симпозиумот со меѓународно учество “ Актуелности во стоматологија”.

Во 2021 година е дел од Организационен Одбор на Симпозиумот со меѓународно учество “ Инфекција и третирање на инфекција во секојдневната стоматолошка практика”.

Во 2022 година активно учествува во организација на дебата “ Нагласена естетика да или не?”.

Во 2023 година е дел од Организационен Одбор на Симпозиумот со меѓународно учество “ Современ пристап и иновации во секојдневната пракса”.

За време на својот мандат како Декан на Факултетот за дентална медицина имаше удел во соработката со странски универзитети преку размена на искуства како резултат на што се финализираа меѓуунивезитетски Меморандуми: со Медицинскиот Универзитет од Пловдив, Р.Бугарија (2021) како и со Факултетите за стоматологија од Бируни Универзитет (2021), Медипол Универзитетот од Истанбул и Акдениз Универзитетот од Анталија, Р.Турција (2021).

Доц. д-р Катерина Василева Гешоска е член на Комисии кои се дел од Факултетот за дентална медицина:

Член е на Комисија за прием и упис на студенти на Факултетот за дентална медицина при Европски Универзитет Скопје.

Претседател е на изборна комисија за избор за членови и Претседател на Факултетско студентско собрание (2024).

Член е на Комисија за оценка и одбрана на дипломски трудови по предмети на Факултетот за дентална медицина во состав на Европски Универзитет Скопје (2019).

Член е на Одборот за соработка и доверба со јавноста на Факултетот за дентална медицина во состав на Европски Универзитет Скопје (2020).

Беше член на Комисијата која беше формирана за гласање за Ректор на Европскиот Универзитет.(2022)

Доц. д-р Катерина Василева Гешоска има активно учество на средби со Комисијата за медицински науки и здравство од Националниот совет за високо образование и научно-истражувачка дејност за изготвување Предлог-уредба за утврдување научно-истражувачки полиња од трето ниво како дополнување на двете нивоа на Меѓународната фраскатиева класификација.

Исто така, како претставник од Европски Универзитет Скопје учествува и на Конференцијата-Националната рамка на квалификации, и се стекнува со познавања поврзани со образовните квалификации во државата и нивна прегледност, препознавање и соодветна искористеност на пазарот на труд.

Од 2022 година е дел од листата на испитувачи за испитна комисија за полагање стручен испит за доктори на стоматологија.

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

Доц. д-р Катерина Василева Гешоска преку својата долгогодишна едукација, искуство и стручност се покажа како важен член на академската заедница, а нејзиното учество во образовниот процес доста позитивно.

Од 2014 година како асистент активно ја изведува практичната настава по предметите:

-Претклиничка фиксна протетика 1;
-Претклиничка фиксна протетика 2;
-Претклиничка мобилна протетика 1;
-Претклиничка мобилна протетика 2;
-Клиничка мобилна протетика 1;
-Клиничка мобилна протетика 2;
-Скелетирана протеза 1;
-Скелетирана протеза 2.

Од 2019 одржува теоретска и практична настава по група предмети од областа протетика:

-Претклиничка фиксна протетика 1/Дентални коронки;
-Претклиничка фиксна протетика 2/Дентални мостови;
-Претклиничка мобилна протетика 1/Тотална протеза;
-Клиничка мобилна протетика 1;
-Заботехнички материјали/Стоматолошки материјали;
-Стоматолошки керамика;
- Скелетирана протеза 1.

Наставата (теоретска и практична) исто така ја води и на англиски јазик со странски студенти.

Преку наставата, предавања и вежби го пренесува теоретското знаење и искуственото познавање кое е стекнато со долгогодишната специјалистичка пракса со пациенти.

## НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Во својата научно-истражувачка дејност кандидатката своите резултати прегледно и систематски ги има презентирано како автор и коавтор во повеќе стручни и научни трудови публикувани во зборници на меѓународни и домашни научни собири и списанија.

1. Katerina V. Geshoska, J. Bajevska. Effect Of Manufacturing Protocol On The Internal Fit and Marginal Discrepancy of Metal ceramic and full ceramic dental crowns. Macedonian pharmaceutical bulletin. 2017, 63 (1): 71 - 76.
ISSN 1409 – 8695

2. Katerina V. Geshoska, J. Bajevska. Assessment Of Internal Fit And Marginal Discrepancy In Full Ceramic And Metalceramic Dental Crowns - Review Article. Macedonian dental review. 2018; 41(1-2): 41-46.
ISSN 2545-4757

3. К.В. Гешоска , В. Ванковски , А.Б. Грежловска, С. Вујасин. Евалуација на маргинална прецизност кај дентални естетски коронки. IDEA Int. J. Sci. Arts. 2019; 3(5): 245-252.
UDC: 616.314-77

4. В. Ванковски , С. Вујасин, К. Василева-Гешоска, Т. Дејаноска. Стоматолошка супраструктура-причина за постимплантолошка компликација. IDEA Int. J. Sci. Arts. 2019; 3(5): 221-226.
UDC: 616.314-089.843-06

5. С. Вујасин , J. Бундевска , В. Кокаланов, Т. Дејаноска, В. Ванковски, К. Василева-Гешоска. Дистрибуција на оклузални вертикални сили кај мостовна конструкција со два носачи и дистално продолжен член. IDEA Int. J. Sci. Arts. 2019; 3(5): 227-236.
UDC: 616.314-76

6.Мимоза Стаменковска, Дијана Јошева, Маријана Мирческа, Катерина Василева-Гешоска.Испитувањето на плунковите биомолекули како нов пристап во раното дијагностицирање на оралните заболувања.IDEA Int.J.Sci.Arts. 4(2020)7:143-152

7.Маријана Мирческа, Катерина Василева- Гешоска, Енис Рецеп, Мимоза Стаменковска.Форензичко значење на траги од усни.IDEA Int.J.Sci.Arts. 4(2020)7: 153-162

8. Катерина В. Гешоска, Маријана Мирчевска , Мимоза Стаменковска , Јасмина Мечевска. ПРОЦЕНА НА ПРЕЦИЗНОСТА ПРИ НАЛЕГНУВАЊЕ НА ДЕНТАЛНИ КОРОНКИ-Прегледен труд. IDEA Int. J. Sci. Arts. 5(2021)9: 81-88

9. Мимоза Стаменковска, Јасмина Меческа-Јовчевска , Катерина Василева-Гешоска. ЗНАЧЕЊЕТО НА БИОХЕМИСКИТЕ МАРКЕРИ ВО СЛЕДЕЊЕТО И ПРОГНОЗАТА НА БОЛЕСТА КАЈ ПАЦИЕНТИ СО КОВИД-19. IDEA Int. J. Sci. Arts. 5(2021)9: 95-103

10. Јасмина Меческа-Јовчевска, Мимоза Стаменковска, Катерина В. Гешоска. Bone metabolism in postmenopausal women with active and inactive rheumatoid arthritis.IDEA Int.J.Arts . 6(2022)12: 201-210.

11. Катерина В. Гешоска, Реплика техника како метод за испитување на прецизноста на коронките, IDEA Int. J. Sci. Arts. 6(2022)12: 181-190

**Трудови објавени во последните 5 /пет/ години:**

1. Мимоза Стаменковска, Дијана Јошева, Маријана Мирческа, Катерина Василева-Гешоска.Испитувањето на плунковите биомолекули како нов пристап во раното дијагностицирање на оралните заболувања.IDEA Int.J.Sci.Arts. 4(2020)7:143-152

2. Маријана Мирческа, Катерина Василева- Гешоска, Енис Рецеп, Мимоза Стаменковска.Форензичко значење на траги од усни.IDEA Int.J.Sci.Arts. 4(2020)7: 153-162

3. Катерина В. Гешоска, Маријана Мирчевска , Мимоза Стаменковска , Јасмина Мечевска. ПРОЦЕНА НА ПРЕЦИЗНОСТА ПРИ НАЛЕГНУВАЊЕ НА ДЕНТАЛНИ КОРОНКИ-Прегледен труд. IDEA Int. J. Sci. Arts. 5(2021)9: 81-88

4. Мимоза Стаменковска, Јасмина Меческа-Јовчевска , Катерина Василева-Гешоска. ЗНАЧЕЊЕТО НА БИОХЕМИСКИТЕ МАРКЕРИ ВО СЛЕДЕЊЕТО И ПРОГНОЗАТА НА БОЛЕСТА КАЈ ПАЦИЕНТИ СО КОВИД-19. IDEA Int. J. Sci. Arts. 5(2021)9: 95-103

5. Јасмина Меческа-Јовчевска, Мимоза Стаменковска, Катерина В. Гешоска. Bone metabolism in postmenopausal women with active and inactive rheumatoid arthritis.IDEA Int.J.Arts . 6(2022)12: 201-210.

6. Катерина В. Гешоска, Реплика техника како метод за испитување на прецизноста на коронките, IDEA Int. J. Sci. Arts. 6(2022)12: 181-190

7.К.В.Гешоска. Дигитално отпечатување во протетиката-Виртуелност до реалност-Усна презентација, Кавадарци- 2019.

8. К.В.Гешоска. Дигитално отпечатување во протетиката-Виртуелност до реалност-Усна презентација, Пловдив, Бугарија- 2019.

9.Конвенционален и дигитален пристап во изработка на фиксни надоместоци.Усна презентација, Симпозиум со меѓународно учество, Скопје, Европски Универзитет, 2022.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Од претходно изложената анализа на биографијата, професионалниот развој и резултатите на стручно-апликативната, наставно-образовната и научно-истражувачката дејност на доц. д-р Катерина Василева Гешоска, од самиот преглед на изработените, рецензираните и објавени трудови, се гледа исклучително позитивен наставен, научно - стручен и едукативен развој на кандидатот.

Врз основа на прикажаната анализа и оценка на трудовите и целокупната стручна и научна активност на кандидатката, Рецензентската комисија има особено задоволство и чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за дентална медицина во состав на Европски Универзитет Скопје, да ја избере **д-р Катерина Василева Гешоска** за наставник во наставно-научно звање **ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР** од наставно-научна област: **„Протетика"** (30407 – Фраскатиева класификација).

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

1. Проф. д-р Владо Ванковски, претседател;

______________________________

2. Проф. д-р Крсте Дејаноски, член;

______________________________

3. Проф. д-р Вера Стојановска, член.

______________________________